Уп. Бр. 08-133/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18) и 208/24 а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Мејнстрим информатички технологии д.о.о., со седиште на Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана, Словенија, Г. Алексеј Крањец, државјанин на Словенија, и Г. Роберт Пух, државјанин на Словенија, доставено преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 18.10.2024 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Мејнстрим информатички технологии д.о.о., со седиште на Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана, Словенија, Г. Алексеј Крањец, државјанин на Словенија, и Г. Роберт Пух, државјанин на Словенија, имаат намера да стекнат заедничка контрола врз друштвото ХЦ Центар д.о.о. со седиште на Леталишка цеста 32В, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 19.09.2024 година, а дополнето на 24.09.2024 годин, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна Мејнстрим информатички технологии д.о.о., со седиште на Брнчичева улица 49А, 1231 Љубљана, Словенија, Г. Алексеј Крањец, државјанин на Словенија, и Г. Роберт Пух, државјанин на Словенија, со која Мејнстрим информатички технологии д.о.о., Г. Алексеј Крањец и Г. Роберт Пух, имаат намера да стекнат заедничка

контрола врз друштвото ХЦ Центар д.о.о. со седиште на Леталишка цеста 32В, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Мејнстрим информатички технологии д.о.о.** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 17, 1-001/ Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се занимава со дејности на дистрибуција на медиумски содржини преку DTH технички платформи,
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Коста Веселинов бр. 5-1 локал 2/ Скопје- Центар, Северна Македонија, кое се занимава со маркетинг дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 14, Скопје - Центар, Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

г. Алексеј Крањец и г. Роберт Пух се државјани на Република Словенија кои пред спроведувањето на Предложената трансакција имаат заедничка контрола над Целното друштво ХЦ Центар.

г. Алексеј Крањец и г. Роберт Пух не поседуваат друштвото во Северна Македонија и немаат остварено било каков приход во Северна Македонија.

**Целното друштво ХЦ Центар** е друштво со ограничена одговорност основано во 2001 година во Љубљана.

Основната дејност на Целното друштво е интеграција на IT системи, односно обезбедување на IT услуги, како што се услуги поврзани со сервери и мемориски системи, услуги поврзани со центри за податоци, одржување на сервер за е-пошта, решенија за бекап (backup) на податоци, како и IT безбедност и слично. Дополнително, Целното друштво обезбедува веб хостинг и клауд (cloud) услуги (под брендот ХЦ Клауд (HC Cloud)).

Целното друштво нема зависни друштва во Република Северна Македонија и во претходната година остварило незначителен приход во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**